**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 25 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:**

Ја отворам Четириесетта седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Горан Мисовски, Томе Чинговски, Арбен Џафери, Мендух Тачи Оливер Шамбовски, Дарко Димитриевски и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Владо Бучковски и Тахир Хани.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ратко Димитриоски.

Министерот за финансии достави одговори на поставените прашања од пратениците Имер Алиу и Цветанка Иванова.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Нада Станчевска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Васко Шутаров.

Пред да продолжиме понатаму, процедурално побара збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Денеска имаме во овој пратенички состав втора седница партенички прашања . Бидејќи пред очите на целокупната македонска јавност претходните пратенички прашања се претворија во одговори на министрите, со оглед на тоа што не е регулирано прашањето околу должината на траењето на одговорите на министрите со небулозниот деловник кој што ова парламентарно мнозинство го донесе во ова собрание, почитуван господине претседателе би ви поставила сега две прашања.

Прво, дали ќе дозволите и оваа седница на пратенички прашања да се претвори во пародија како и претходната седница за пратенички прашања и дали ќе ги толерирате министрите до бескрај на кое и да било пратеничко прашање поставено од пратеник до бескрај да одговараат и да поднесуваат свој извештај за работата. Тоа е прво прашање.

Второ прашање, господине претседателе дали сметате дека се исполнети условите за одржување седница со пратенички прашања ако се има во предвид дека во салата ниту една четвртина од министрите не се присутни. Кому сметате пратениците денеска да поставуваат прашања во отсуство на министрите.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на прашањата кој што ги поставувате до мене мислам дека и јас како претседател на собрание сум еден вид од носителите на функции на кои што можете да поставите пратенички прашања. Мислам дека не би требало сега тоа да биде предмет на уште незапочната седница, но без оглед на тоа јас ќе ви одговорам.

Деловникот во однос на одредбите за пратенички прашања ги презема одредбите од пратеходниот деловник. И во претходниот деловник и во овој деловник нема ограничување на одговорите на поставените пратенички прашања.

Јас можам да сугерирам на оној на кој е поставено пратеничко прашање да биде пократок во одговорите, но сепак е негово деловничко право до кој степен ќе го искористи одгоорот на пратеничко прашање и колку минути ќе биде одговорот.

Еве јавно пак сугерирам доколку можат да бидат пократки во одговорот министрите, да бидат пократки, но деловникот не обврзува.

Во однос на одредбите за пратенички прашања знаете дека во овој деловник одредбите се преземени од претходниот деловник кој што е донесен и во ваше време. Тоа е мојот одговор.

Во однос на тоа дали има услови, има услови.

(Јани Макрадули - како има услови кога ги нема повеќе од половина.

Не е започнато уште поставување по редоследот што е на праттенички прашања, со оглед на тоа дека предходно има одговори на писмени прашања од пратениците.

Доколку некој не биде присутен тука, сепак одговороста е негова, на тој министер или заменик министер кој што не е, јас не можам да ги чекам комплетно сите 20 и неколку министри да бидат тука.

Би ве замолил да не се претвори во деловничко толкување на Деловникот па после да биде некој виновен зошто се троши времето за пратенички прашања за дуги несуштински работи, а мислам дека денот е денеска да се поставува прашања од пратениците до Владата, до министрите.

Тоа е мојот одговор.

Продолжуваме понатаму со работа.

Госпоѓо Цветанка Иванова кажете што мислите дека имате забелешки и да продолжиме со работа.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, пред се и над се вие треба да обезбедите услови во ова Собрание, еден од основните услови за

работа е да бидат присутни сите министри тука. На очиглед е дека не се присутни.

Велите дека требало да попчнеме со одговор на писмено поднесените пратенички прашања и еве точно јас имам поднесено такво прашање, но го нема министерот за финансии. Значи, со ова се покажува несериозен однос пред се и над се од страна на министрите кон оваа институција, кон парламентот господине претседателе и мислам дека вие треба да го штитите дигнитетот на ова Собрание. Барем еден ден во месецот овие министри кои што ние сме ги избрале, или вие сте ги избрале треба да бидат во овие клупи и да бидат на располагање на пратениците и секако на македонската јавност.

Околу одредбата од Деловникот каде што нема ограничување на одговорите од страна на министрите на поставени пратенички прашања, да, точно беше и во претходниот Деловник исто таква одредба, меѓутоа, господине претседателе, вие знаете дека никогаш како претходниот пат не била злоупотребувана оваа одредба, а вие секако задолжени сте да обезбедите услови за работа и во оној момент кога одреден министер ќе го злоупотребува времето дадено за одговор треба да го прекинете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас сум должен да го почитуван Деловникот и го почитуван Деловникот.

Продолжуваме со работа.

Го молам пратеникот Владо Бучковски да се да се произнесе по одговорот добиен од Владата на Република Македонија на прашањето што се однесува на реализацијата од Договорот со руската федерација околу наплаќањето на Клириншкиот долг, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од три минути.

Има збор пратеникот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Така е и како што очекував, одговорот е бирократски, без да говори за суштината што се случува со гасификацијата во Република Македонија.

Незадоволен од одговорот по писмен пат ќе упатам дополнително прашање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Бучковски не е задоволен од одговорот но по писмен пат ќе постави дополнително пратеничко прашање.

Го молам пратеникот Тахир Хани да се произнесе по одговорот добиен од Владата на Република Македонија на прашањето што се однесува на распределбата на инвестициите во инфраструктурата во државата, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од три минути.

Со оглед на тоа дека господинот Тахир Хани не е присутен тука го губи правото да постави дополнително пратеничко прашање.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произнесе по одговорот добиен од министерот за правда на прашањето што се однесува на неизвршување на правосилна пресуда на Основниот суд во Делчево од страна на АД Палтакс Делчево за исплата на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на вработените односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од три минути.

Со оглед на тоа дека господинот Ратко Димитровски и не е присутен тука го губи правото да постави дополнително пратеничко прашање.

Го молам пратеникот Имер Алиу, да се произнесе по одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на висината на финансиските средства за програмата К-5 односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од три минути.

Со оглед на тоа дека министерот за финансии во моментот не е тука, ни заменикот не можеме понатаму да продолжиме.

Молам министерот за финансии или заменик министерот за финансии да биде присутен за да може господинот пратеник ако има да постави дополнително пратеничко прашање.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседателе,

Немам сомнеж дека сите го имате добиено одговорот од Министерството за финансии и доколку добро го прочитате прашањето а констатација на сите нас заедничка би била дека на прашањето не се бараше овој одговор кој министерот за финансии или поточно Министерството за финансии го дадоа како одговор.

Моето прашање беше колку финансиски средства во Програмата К-5 за правична и соодветна застапеност се обезбедени по ребалансот и алоцирањето на средствата од страна на ова парламентарно мнозинство. Значи, од овие два ребаланса од ова парламентарно мнозинство.

Во одговорот не се споменува воопшто, не се дава одговор на моето поставено прашање, туку се говори за 2009 година и се укажува колку средства има и приближно се направени некои пресметки колкав може да биде бројот на вработени, или колку вработени може да има во 2009 година.

Ако добро го прочитаме овој одговор можеме да заклучиме колку средства има за 2008 година со оглед на тоа дека во вториот пасус се споменува за 2009 година плата ќе добијат и 550 државни службеници за кои се отворени огласи во 2008 година и е добиена согласност од Министерството за финансии во 2008 година.

Значи, со овој дел од прашањето се констатира на тоа што го велиме ние дека за 2008 година по

ребалансот не остана ниту еден денар во програмата К-5.

Дополнителното мое прашање би било исто, само ќе се повтори, по можност во текстот на моето прашање да се додаде 2008 година. Значи, колку финансиски средства останаа во програмата К-5 за правична и соодветна застапеност на Албанците во државните институции по ребалансот и алоцирањето на средствата од Буџетот кои се усвоија од ова парламентарно мнозинство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Го молам пратеникот Цветанка Иванова да се произнесе по одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на висината на финансиките средства што се потрошени за изготвување на кампањата на Владата, односно согласно член 43 од Деловникот, да го искористи правото за да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот г-ѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш протестирам на односот на министрите кон Парламентот и пратениците и околу тоа дали сум задоволна од одговорот околу пратеничкото прашање, само ќе го прочитам одговорот на пратеничкото прашање за да слушнат граѓаните и да видат дали навистина би можел човек да биде задоволен од ваков одговор.

Прашањето беше следно, ќе го парафразирам, да не губам време. Значи, колку кампањи Владата има во моментов во печатените и електронските медиуми, колку пари се потрошени, барем последната година, не последните три години за кампањи, кои фирми ги изработуваат материјалите за овие кампањи и во кои џебови или кој се богати од политичкиот естаблишмен од овие скапи кампањи.

Прашањето беше доставено до министерот за финансии, а одговорот е следен:

“Ве известувам дека поставеното пратеничко прашање не се однесува на работи што се во надлежност на Министерството за финансии, поради што ве упатуваме да го доставите до надлежни владини институции”.

Јас, ниту кој и да било човек не може да биде задоволен од ваков одговор, затоа што ова не е одговор, туку ова е избегнување на давање на одговор.

Г-динот министер, Трајко Славески е должен, ако не мене, пред целокупната македонска јавност да одговори колку се тие средства што годишно се трошат за непродуктивни кампањи и што, верувајте, се повеќе сум убедена дека барем половина од тие влегуваат во џебовите на политичарите од ова парламентарно мнозинство и секако за финансирање на разно разни нивни политички потреби.

Јас ќе ја барам до крај вистината. Јас нема да отстапам од поставувањето на ова прашање. Упорно и понатаму ќе го доставам во наредниот период до сите институции. Ама молам, г-динот министер да ми одговори која е надлежната институција да даде одговор на вакво прашање, ако не е Министерството за финансии, таму каде што се креира буџетот, таму каде што се полни буџетот и таму каде што се врши распределба и трошење на буџетот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тоа е дополнителното прашање.

На тоа има одговор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Сакам вам и на пратениците да ви се извинам навистина за доцнењето, но навистина понекогаш не се стигнува секаде навреме каде што човек треба да биде присутен. Но, тоа е моја грешка и навистина се извинувам уште еднаш.

На дополнителното прашање се виде дека се бара одговор на нешто што е невозможно. Се искористи квалификацијата “непродуктивни кампањи”. Сега ќе треба да ни даде параметри г-ѓата Цветанка Ивановска за тоа кои се продуктивни, кои се непродуктивни кампањи, за да знаеме кои кампањи да одвоиме во една а кои во друга категорија.

Понатаму, г-ѓата Цветанка Иванова направи нешто што навистина е недозволено, односно обвини за корупција, без тука да презентира докази. Ако се преслуша што кажа пред неколку минути, таа ги обвини политичарите од естаблишментот дека преку кампањите дел од парите завршувале во нивните џебови.

Ако некој побара доказ за тоа, тоа навистина ќе треба да се докаже. Токму заради тоа, тие прашања не можат да бидат одговорени. Да не речам не заслужуваат одговор.

Второ, кога ќе се постави прашање до Министерството за финансии, Министерството за финанси за она што е во негова надлежност секогаш дава одговор, дури и за вакви прашања што се попрецизни, а се однесуваат на цифри. За тоа ги добивате одговорите.

Вие можете да се обратите до секоја институција што има промотивни активности и да побарате од нив податоци.

Претседателе, дали може на г-динот Имер Алиу или беше писмено?

**Трајко Вељаноски:** Не, немаше тој дополнително прашање.

**Трајко Славески:** Багодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Го молам пратеникот Нада Станчевска да се произнесе по одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање на прашањето што се однесува на решавањето на проблемот со загадувањето на Општина Илинден од страна на Рафинеријата ОКТА, односно согласно член 43 од Деловникот, да го искористи

правото да постави дополнително пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеничката г-ѓица Нада Станчевска, повелете.

**Нада Станчевска:** Благодарам претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Добро, процедурално претходно г-динот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Ви благодарам.

По се изгледа не слушнавте што говорев јас. Министерот ве праша ако може на моето дополнително прашање да одговори писмено. Вие рековте дека нема дополнително прашање.

Имаше дополнително прашање. Прашањето е исто како и минатиот пат, само што се додава и 2008 година, колку средства останаа во Буџетот за правична и соодветна застапеност на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија по првиот ребаланс и алоцирањето на средствата донесени од парламентарно мнозинство. Ова беше моето дополнително прашање. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам г-дине Алиу Имер, оваа процедурална забелешка требаше да ја ставите пред да почне по прашањето г-ѓа Цветанка Иванова, а не откога реагираше министерот за финансии. Инаку, вие кажавте и тоа дека немате дополнително пратеничко прашање. Знам дека дојдовте овде и кажавте дека немате.

Има збор г-ѓица Нада Станчевска, повелете.

**Нада Станчевска:** Ви благодарам почитуван претесетателе.

Да, задоволна сум од одговорот од Министерството за животна средина и просторно планирање и немам дополнително прашање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Васко Шутаров да се произнесе по одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на прашањето што се однесува на состојбата со рибниот фонд во Дојранското, Охридското и Преспанското Езеро, односно согласно член 43 од Деловникот да го искористи правото да постави дополнтелно пратеничко прашање во траење од 3 минути.

Има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги, претставници на извршната власт,

Моето прашање се однесуваше за состојбата со рибниот фонд во Дојранското, Преспанското и Охридското Езеро. Задоволен сум од одговорот, но делумно и имам дополнително прашање.

Повозрасните граѓани и пратеници овде сигурно знаат дека Дојранското Езеро беше по три карактеристики најспецифично. Имено, најтопло езеро во Македонија и најмало, имаше и најголем фонд на риби. 50% од вкупниот рибен фонд, некогаш во Република Македонија доаѓаше од Дојранското Езеро.

Уште еден момент, исто така беше многу битен, Дојранското Езеро секаде во Европа беше познато и препознатливо по традиционалниот начин на ловење на риба со т.н. мандри и птиците кормрани.

По враќањето во кондиција на Дојранското Езеро, со изградбата на хидросистемот во 2002 година Дојранското Езеро се враќа во своите природни форми, меѓутоа, моите сознанија од мештаните од Дојран кажуваат дека рибниот фонд претрпува одредени измени.

Најпрепознатливи, бренд риби во Дојранско Езеро беа дојранскиот крап, перкијата, црвеноперката. Меѓутоа, во меѓувреме се случува риби штопорано не беа присутни во дојранските води, како карашот да се намножат и да ги загрозуваат овие автентични риби од Дојранското Езеро.

Моето дополнително прашање гласи какви се намерите на Министерството, шумарство и водостопанство, во рамките на заштитата, спасувањето и ревитализацијата на рибниот фонд во Дојранското Езеро, посебно за состојбите со овие три вида риби што ги спомнав: дојранскиот крап, црвеноперката и перкијата и за состојбите со охридската пастрмка во Охридското Езеро?

Во рамките на дополнителното прашање сакам да ми се одговори дали соседните држави, Република Албанија, во врска со Охридското Езеро и Република Грција се направени обиди за хармонизирано управување со водите и рибниот фонд во овие езера? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе даде одговор на дополнителното прашање, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Благодарам на почитуваниот пратеник што постави прашање што е од суштинско значење за риболовот во регионот на Охрид, Преспа и Дојран. Ако се знае дека долги години наназад во тој регион и токму од тој дел водечките стопански гранки, особено во Дојран, со неконтролираниот излов и неконтролирањето на природниот мерест или биолошкиот минимум на риби во езерата, доведено е до ситуација да одредени видови и пополации на риби да бидат доведени во ситуација на истребување или во ситуација на неможност да се продолжи со биолошкото ширење на таа сорта или преживувае на таа сорта во самото езеро.

Заради тоа, во 2006 година се направи контрола од Инспекторатот за работењето на концесионерите, конкретно за Дојранско и Преспанско Езеро. Се констатираа низа неправилности од кои, она што посебно засега е непорибувањето или изловувањето во количини што не се определени како биолошки можен излов за да се зачува тој вид.

Одземени се концесиите, покренати се други постапки за да се сноси одговорност на тоа што довело до тоа. Во меѓувреме, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во изминативе две години не ги концесионираше тие езера, затоа што со сопствени средства, со зголемени контроли се одеше во ситуација да може тој биолошки минимум, на тие видови, од кои најголем дел се ендемични видови, да се врати во првобитната состојба.

Заради тоа, во 2007 година, во соработка со Хидробиолошкиот институт и Институтот за сточарство, како две високонаучни институции што се бават со областа на рибарството во Република Македонија се вршеше порибувае на езерото преку вештачки мрест. Ако 2007 година за таа намена се одвоија 4.700.000,00 денари се порибија 1.700.000 подмладок од 200 грама што е способен за самоодржување после пуштањето во тие токови. Ова говорам посебно за Охридското Езеро и овде е порибувањето и на другите речни текови.

За 2008 година оваа акција се изведе со 3 милиони единки, за што се потрошија 10 милиони денари. При тоа, се воспостави соработка и со Министерството за внатрешни работи каде што со заеднички напори се работеше на чување на тоа езеро. При тоа се фатени, верувајте, огромен број на мрежи и алат за риболов.

Тоа што Министерството го направи е преку Инспекторатот за земјоделие и со ангажирање на дополнителни 12 рибочувари, и физички вршеше заштита на езерото. Во меѓувреме се донесе Законот за рибарство и аквакултура, каде што е предвидено за секоја риболовна вода што се дава на стопанисување, да се изработи рибостопанска основа. Заради тоа се повикаа научниците од таа област, научните институции, конкретно Хидробиолошкиот завод да изработи рибостопанска основа за секоја отворена вода во Република Македонија. На основа на тоа, во самата рибостопанска основа се дадени количините на риба, видови на риба, нивното одржување и количините на можниот излов на риба.

Врз основа на тоа се распиша конкурс, оглас за давање под концесија на трите природни езера, затоа што ценејќи дека тие се најголемиот потенцијал, се даде приоритет за израбока на тие рибостопански основи. Во овој момент имаме оглас, јавен оглас каде што сите кои сакаат да концесионираат со езерото, тоа мора прво да го прават на основа на рибостопанската основа, да можат да се јават и да се врши концеионирање. Добро, тоа што паралено го направивме беа средбите со албанската страна, албанските води и албанскиот министер за земјоделеие околу заедничката соработка во зачувувањето на видовите, особено ендемските видови што се висок стопански потенцијал за тој регион.

Од нивна страна, заеднички, ги посетивме и нивните мрестилишта каде што и тие, со околу 2,5 милиони единки го порибуваат Охридското Езеро и спроведуваат одредени забрани за лов на тоа езеро. Особено нивните забрани ги спроведоа на дело во ловењето со мрежа, висечките мрежи со мали окца.

Така што, оваа наша контрола и грижа за рибниот фонд, не само на оние што ги наброив, природни езера, туку и на сите отворени водни токови ќе продолжи и во наредниот период, се со цел да стигне до тој биолошки минимум за саморепродукција на рибите за да може да се стигне до тоа што претходно тие риби го имале како стопански значај за регионот, особено во тие туристички места Дојран, Охрид и Преспа. Оваа грижа ќе продолжи во нашето министерство и понатаму, ќе продолжи контролата над концесионерите, како што напомнав се со цел да се зачува тој рибен фонд и како стопанска гранка. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Согласно член 40 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратениците за поставување на пратенички прашања писмено го известија претседателот на Собранието 24 часа пред одржувањето на седницата.

Во договор со координаторите на пратеничките групи пратениците на денешната седница ќе поставуваат пратенички прашања според утврдениот редослед што е поделен на координаторите на пратеничките групи.

Пред да преминеме на поставување пратенички прашања, ве потсетувам дека согласно член 39, став 3 и 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот може да постави најмногу 3 прашања во траење од 10 минути, а има право да се произнесе дали е задоволен од одговор во траење од 3 минути.

Согласно член 43 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот кој го поставил прашањето по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање во траење од 3 минути.

Преминуваме на поставување пратенички прашања.

Има збор пратеникот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани министри, претставници на Владата, колеги пратеници,

Сакам да поминам на првото прашање упатено до Владата на Република Македонија.

Како дел од Комисијата за европски прашања, бројните дискусии што ги имавме во текот на оваа година и беа плодни, не доведоа до посакуваниот резултат. Имавме дискусии со претставниците на Владата, во кои бевме убедувани дека целта ќе биде постигната.

Затоа би сакал да го поставам сега следното прашање, какво е очекувањето околу почетокот на преговорите со Европската Унија за 2009 година и визната либерализација со која што граѓаните ќе можат слободно да ги поминуваат

граничните бариери? Има ли Владата стратегија како да се постигне оваа значајна цел?

Во голем број дебати што ги имавме, помеѓу другото и со претставниците на Владата, предупредувавме дека она што најверојатно ќе ни се случи е дека Република Македонија, поради низа проблеми нема да го добие датумот за преговори оваа година и дека визната либерализација ќе се комплицира.

Се присетувам на една дебата на едно мое укажување, кога на моето поставено укажување вицепремиерот за европски интеграции ми одговори во стилот-Парламентот не е коцкарница, никој нема право да не се надева. Значи, тоа што се очекува од Владата на Република Македонија и од сите нас како пратеници, тоа е не да се надеваме, туку да најдеме начин како овие работи да ги издејствуваме што се во интерес на граѓаните на Република Македонија. Резултатот, иако беше предвидлив, беше чесно да се каже дека тоа ќе се случи, а не да се избегнува одговорот.

Она што имавме можност да го гледаме повеќе пати, да речеме, при посетата во Франција на претставници на Владата, беше истакнато дека работата е завршена и дека Франција е нашиот голем сојузник, дека визната либерализација е прашање што е затворено. За само недела дена после тоа да стигне едно отрезнување, се согласувам тука со аргументацијата и од Владата и од позицијата дека беше момент на искреност на г-динот Кушнеер во кој тој кажа дека освен тоа прашање постои идруго прашање и дека џабе тропате на вратите на Европската Унија додека тоа не го решите.

Во понатамошниот текст се обидоа претствниците на Европската комисија да го релативизираат тоа што беше кажано односно да укажат дека сепак Република Македонија треба да се сконцентрира на она што се нејзини задачи да ги изработи и дека за таквите работи ќе биде оценувана. Да го прифатиме дека тоа е вистината  и ние кон тоа треба да стремиме. Меѓутоа зачудувачки е што оваа  недела, вчера, завчера, имаме уште една многу студена отрезнувачка изјава на потпретседателот на Вондра, на следниот претседавач со Европската унија во која тој кажува дека додека не го решиме проблемот со името, датум за преговори нема да имаме. Истиот тој потпретседател на Владата беше некаде во март месец тука примен од владините претставници. Одејќи хронолошки, значи јасна е интенцијата која постои, а тоа е искажано во голем број заложби и на Владата и на ова Собрание дека местото за Република Македонија е во НАТО и во Европската унија. И за таа цел треба да се работи, за таа цел треба да се прифатат конструктивните критики како што би кажал некој што опозицијатам ги упатува на Владата. За поздравување се дел од активностите кои се завршени, значи, пасошите, контролата на границите, договорите за реадмисија. Меѓутоа, очигледно е, дека тоа не е доволно и дека во целата таа работо постои политика, постои политичка одлука и дека не може Владата  да биде непсремна на тој терен. Затоа ја повикувам во наредните месеци интензивно да се лобира кај земјите членки на Европската унија, затоа што факт е дека, ако не се посветиме на таа намера, ако не издејствуваме двотретинско мнозинство, ние таа цел нема да ја исполниме.

Исто така, сакам да  кажам дека она што особено е важно, тоа е датумот за преговори да се издејствува. И ме интересира која е стратегијата како до тоа ќе дојдеме бидејќи не постојат, условно да кажеме, еден среќен колосек  по кој граѓаните ќе патуваат без визи, иако тоа е голем проблем и треба да се реши и еден спореден колесек на кој ќе го одложуваме членството во Европската унија и во НАТО, бидејќи тоа е помал приоритет за земјата. Очигледно е дека проблем имаме. Затворањето на очите пред тој проблем нема да доведе до среќа кај никого. Нашите генерации кои 18,19 години веќе се измачуваат во чекањето да ни се случи влезот во Европската унија, веќе покажуваат замор. За тоа индикативен е пулсот на евро барометар, на она што кажува дека опаѓа подршката во Европската унија кај граѓаните на Република Македонија. Анкетата на Институтот за демократија која е индикативна и кажува дека опаѓаат воопшто аспирациите и кон НАТО и кон Европската унија. Тоа се сериозни показатели. Тие показатели можат да доведат до долгорочни последици ако не се превенираат на време. Затоа да го реафирмирам она што на почетокот го кажав, кое е очекувањето на Владата, кога тоа ќе се случи, има ли стратагија Владата за оваа работа и што се државата треба да направи за таа цел да ја постигне.

Второто мое прашање  сакам да го упатам исто така до претседателот на Владата, а е поттикнато од она што деновиве имавме можност да го читаме во медиумите, а тоа би гласело вака. Која е вистинската димензија на пирамидата Миладинови во Струга? Се работи за случај кој според она што денеска медиумите го пишуваат, тежи некаде 21 милион евра како кредити земени од банки и тие средста ќе треба да се враќаат од парите на граѓаните, затоа што тие странски банки нема да го простат тоа што се случувало, ниту домашните. Значи, кои се димензиите, кои се инволвираните луѓе и што се Владата ќе превземе за да го расчисти овој случај.

Третото праШање кое имам намера да го упатам до Министерство за здравство, до министерот за здравство, ќе го упатам во писмена форма. Така што во текот на денешниот ден ќе ви биде проследено. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам потпретседателке.

Очигледно продолжува игнорантскиот однос на почетокот од страна на министрите кон

пратениците и ова Собрание, а сега очигледно и од страна на премиерот. Почитувани колеги пратеници, денеска е втора седница за пратенички прашања во овој парламентарен состав и премиерот не ги удостои пратениците да биде тука во оваа сала и да одговара на поставените пратенички прашања од страна на пратениците, особено на пратениците од опозицијата. Премиерот има време да оди секаде, има време да оди и кај Јанко во емисијата "Јади бурек", има време да оди и со Миленко во полноќни емисии, но нема време да дојде овде и да си ја заврши основната обврска која што ја има и пред граѓаните, а особено пред ово Парламент како највисока законодавна институција.

Почитувана потпретседателке, денеска вие и претседателот на Собранието дозволивте да се крши дигнитетот на ова Собрание. Денеска вие дозволувате да се крши и Деловникот кој што вие го донесовте. А во Деловникот во член 39 став 2 пишува: на седницата присуствува претседателот и членивите на Владата. Значи, не пишува дека може да присуствува па да одбере премиерот на Владата дали ќе присуствува денеска тука која што според мене му е основна обврска, или да оди на друго место. Затоа не сакаме како пратеничка група да учествуваме во ваквата пародија која што ја почнавте, ја толериравте од претходните пратенички прашања претходниот месец. Како пратеничка група предлагаме прво, да дојде овде премиерот и да одговара на прашањата кои што му се поставени сега две, од колегата Андреј Петров и останатите прашања кои што ќе бидат упатени спрема премиерот од нашите пратеници. доколку не дојде, потпретседателке барам да ги почитувате одредбите од Деловникот и да не го кршите Деловникот, да ја одложите оваа седница за наредниот месец кога ќе го доведете овде, имате право премиерот и ќе ни одговара на поставените прашања од страна на опозицијата. Доколку не се случи тоа, ние како пратеничка група не учествуваме во оваа циркузијада. Бидејќи сите останати прашања од страна на нашите колеги пратеници ќе бидат упатени до премиерот. Премиерот го нема. Очигледно дека вие немате доволно авторитет да го донесете, ниту претседателот, ниту вие, ние како пратеничка група ќе ја напуштиме оваа седница.

**Светлана Јакимовска:** Член 42 став 2 од Деловникот вели: на прашање поставено до претседателот на Владата одговор дава претседателот, или определен пратставник на Владата. Со оглед на тоа условите за одговарање на пратеничкото прашање се исполнети. Претставник на Владата има.

Процедурално има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов**: Госпоѓо потпретедател и госпоѓо Иванова, двете вас ве молам да најдеме решение на ова прашање. Без опозиција нема никаква смисла седницата со пратенички прашања. Решението да биде следно, ако може веднаш да дојде премиерот, бидејќи премиерот присуствува, сеедно кој одговара, тој може да делегира да одговори друг. Но тој мора да биде присутен. Ако не може сега да биде присутен, да се направи пауза да се повика да дојде и да се продолжи седницата денес до 18 часот, наместо до 18 часот, изгубеното време да продолжи после. Многу лошо ќе биде за сите нас, а навистина ја сфаќам состојбата што ја изложи госпоѓата Иванова. Нека дојде да се продолжи или да се прекине седницата, да почекаме и кога ќе дојде премиерот седницата да продолжи.

**Светлана Јакимовска:**

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам потпретседателке.

Му благодарам на господинот Андов за подршката. Точно е дека пратеничките праШања се институт или механизам во рацете на опозицијата и дека без опозиција нема пратенички прашања. Но, и без премиер нема зошто да има пратенички прашања. Затоа јас предложив. Прво, да биде донесен овде, или да дојде господинот премиер Никола Груевски и да си одговори на пратеничките прашања кои што ќе му ги поставуваме. Слушам дека бил во посета на некоја земја. Но, верувајте посетите не се планираат ден претходно. Тој знае дека денеска има пратенички прашања и треба да си одговори на обврските кои што му се и со Уставот и со законот пред него поставени.

Второто барање кое што го поставив, доколку не може да дојде денеска да се одложи оваа седница за идна дата. А ние сме тука и сме спремни ако треба и до 24 часот ако ни ветите дека ќе дојде денеска до 24 часот мо же да работиме денеска. Затоа јас дадов два предлога. Доколку ниту еден од овие не се испочитува, јас мислам дека навистина нема смисла нашето присуство овде на седницата за пратенички прашања, затоа што сите пратенички прашања кои што ни се спремни и ќе ги поставуваат моите колеги ќе бидат упатени спрема премиерот. Тогаш, јас не гледам причина зошто би учествувале на ваква пародија. Затоа имате два предлози пред вас, или да дојде премиерот денеска тука и да продолжиме со работа ако треба и до 24 часот од моментот кога ќе дојде и да му ги ипорачаме праШањата за кои што сме спремни да му ги поставиме, а тој да одговара, или пак денешнава седница да ја одложите и да ја презакажете за наредниот месец кога ќе имаме две последователни седници за пратенички прашања. Инаку не ја гледам смислата за пратенички прашања денеска, затоа што според вашиот Деловник кој што сте го донеле премиерот мора да е приситен тука во салата. Ние сме толерирале понекогаш да е отсутен во текот на пратеничките прашања заради разбирливо некои обврски кои што ги има. Но, цел ден да не е присутен во оваа сала, тоа значи игнорантски однос, тоа значи бегање од

одговорност, тоа значи непочитување на институцијата, а за пратениците од опозиција, мислам дека нема смисла зошто да присуствуваме на ваква седница.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Значи, јас го прочитав членот 42 став 2. нема да го повторувам, само ќе надополнам после овие две процедурални излагања, вашето и на господинот Стојан Андов, дека и согласно законот на Влада, во отсуство на претседателот на Владата го заменуваат замениците претседатели на Владата. Во овој случај исполнет е условот седницата да продолжи со работа.

Продолжуваме понатаму. Одговор на првото поставено прашање ќе даде вицепремиерот господинот Ивица Боцевски, повелете.

**Јани Макрадули: (**Дофрлува од место)

Тоа право треба да му го пренесе премиерот.

**Ивица Боцевски**: Премиерот на Владата на Република Македонија денеска се наоѓа во државна посета на Црна Гора, а улогата на вицепремиер кој што го заменува во негово отсуство ја извршува вице премиерот Ставрески кој што определува кој ќе ги одговори прашањата кои што се упатени директно до Владата, или до премиерот. Во тој контекст би сакал да одговорам дека 2009 година ќе биде година на визна либерализација за Република Македонија. Ова не е оптимизам, ова не е посакување, ова не е очекување, ова се темели на работењето на сите македонски институции и на хоризонталната координација помеѓу Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерсво за труд и социјална политика, МИнистерството за надворешни работи и другите институции во рамките на Владата на Република Македонија. долго време, односно цели 17 години граѓаните на Република Македонија беа затворени во Шенгенското визно гето. Време е да падне и последниот ѕид во Европа, време е да падне и Шенгенскиот ѕид, а за да се реализира таа цел, Владата на Република Македонија пристапи мошне сериозно и во делот на спроведување на обрските и во делот на спроведување на патоказот и за таа цел можам само да ви кажам дека во Брисел е најубаво кога ќе се слушне дека во делот на визната либерализација Република Македонија е реформска ѕвезда. Вака не нарекуваат во Брисел во делот на визната либерализација.

Што се однесува во другиот дел , односно во делот кога се коментираат изјавите дадени со поврзувањето на европската интеграција и надминување на спорот со името. Можжам да истакнам дека на сите нам ни е јасно дека оваа година 2008 година во македонската историја ќе остане запаметена по еден единствен факт, ветото кое што Република Македонија го доби во Букурешт. Ако некој сметаше дека по крвавата декада во 1990-тите години, балканската крвава историја ја испративме засекогаш. Во 2008 година добивме еден жесток демант, демант дека е можно на еден мал народ да му се оспори идентитетот, демант дека е можно на еден мал народ да му се оспори правото да се нарекува онака како што сака, основното демократско право. Во тој поглед сакам да истакнам дека високата подршка која што Европската унија ја ужива во македонскиот народ, високата подршка која што Европската унија ја ужива во Република Македонија се темели токму на тој единствен факт. Европската унија е клуб на демократија, Европската унија претставува место каде што Македонците и каде што граѓаните на Република Македонија препознаа дека конечно завршува периодот на негации, завршува периодот на борба, односно завршува оној период кога македонскиот народ беше оспоруван од страна на неговите соседи. Со членството на Македонија во Европската унија и во НАТО ќе се потврдеше еднаш и засекогаш дека крвавата историја на 20-тиот век заминува во историјата. И во тој контекст сакам да искажам дека на овој начИн ние ќе ја памтиме 2008 година. Така што во овој смисол вреди да се истакне дека идентитетот на еден народ е неспорен, идентитетот е дел кој што произлегува од основните човекови слободи и права, од универзалната Декларација на Обединетите нации, од сите документи на Европската унија. Во тој контекст Република Македонија останува и понатаму посветена и тоа го пишува и во Акцискиот план што го донесовме за надминување на овој спор преку разговор, преку дијалог, преку користење на општо прифатените и цивилизациски норми.

Во однос на делот на преговорите, ако некому сеуште не му е јасно јас ќе повторам повторно, дека стратегијата на Република Македонија во наредната година ќе биде да не дадеме ниту едно алиби за одложување на преговорите. Стратегијата на Република Македонија за 2009 година во сферата на европските интеграции е да не дозволиме да се даде алиби на ниту еден за натамошно одложување на наредната фаза на македонската европска интерграција. И во тој контекст веднаш по примањето на извештајот за напредок изработивме акциски план, акцискиот план секоја недела се следи. За тоа комуницираме и со Брисел и со претставниците на Европската унија во Република Македонија. Така што сакам да истакнам дека целата година ќе ја посветиме на ова поле. во тој контекст очекувам и интензивно лобирање и интензивни активности, меѓу другото и на пратениците во Собранието на Република Македонија и на опозицијата во македонскиот парламентарен дом. Тоа е делот врзан со европската интеграција од прашањето кое што го постави многу почитуваниот пратеник Андреј Петров.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Со оглед дека пратеникот не е приситен во салата не може да се произнесе по одговорот, дали е задоволен и го губи правото да постави дополнително пратеничко прашање.

За процедурална интервенција е пријавен господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Госпоѓо потпретседател, господо заменици премиери и министри,

Јас сакам навистина да ве замолам да имате разбирање за интервенцијата на госпоѓа Иванова, претничките прашања вие добро знаете се инструмент за политичка контрола на Парламентот врз работата на Владата. Ако опозицијата не е тука нема никаква смисла да се поставуваат пратенички прашања. Само еве една илустрација на веќе поставеното пратеничко прашање. Постави еден пратеник прашање од парламентарното мнозинство на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот си имаше подготвено одговор, си го прочита одговорот. Значи тука не станува збор за некоја контрола од Парламентот врз работата на Владата. Тое е едно.

Второ, моето прашање пратеничко е поставено и насочено кон премиерот. Сакам да го прашам дали е подготвен и дали ќе почне да подготвува стратегија за борба за обезбедување односно зачување на нашето уставно име и никој друг од вас тоа не може да го одговори, бидејќи во Резолуцијтата што ја донесовме во ова Собрание точка 1 го обврзува премиерот и претседателот. Вие немате мандат...

**Светлана Јакимовска:** Се извинувам, господине Петковски во што е процедуралната забелешка?

**Тито Петковски:** Процедуралната забелешка е, да имате разбирање и да ја одложиме седницата. Или да причекаме, ако премиерот не е денес во земјава, надвор е, тој не може да дојде објективно, ама да се договориме кога да ја одржиме седницата за пратенички прашања. Таму стои во Деловникот последниот четврток во месецот, можеме да се договриме два дена да бидат тоа, четвртокот и петокот. Или средата и четвртокот. Ве молам за разбирање бидејќи другото е само импровизација како обврска, да, си ја завршивме обврската, си помина денот за пратенички прашања, кој поставил поставил, кој не не, нема ефект, нема смисол седницата.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За процедурална интервенција е пријавен господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Ќе бидам многу кус, бидејќи се заканува опасност седницата целосно да пропадне оттаму би ве замолил да во рамките на вашите овластувања свикате координација, да се обидеме, имаме многу важна точка на дневниот ред, Буџетот, да продолжиме за еден или два часа да расправаме по Буџетот, а расправата по пратеничките прашања да ја одложиме. Мислам дека тоа би било рационално решение, во спротивно ќе ризикуваме целосно опозицијата да ја напушти салата и седницата да не ја исполни својата функција.

Оттаму би ве замолил да свикате пауза, да се обидете со координаторите на пратеничките групи да дојдете до решение, мислам дека е разумно, тука е министерот за финансии, после еден час да продолжиме со расправа по Буџетот кој што е впрочем најважен документ, а штом ќе дојде премиерот оваа седница за пратенички прашања да ја продолжиме. Инаку велам можеме да се доведеме до непријатна ситуација која што ќе ни донесе нови негативни поени во извештаите кои континуирано се пишуваат за нас. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Јас ви благодарам.

Меѓутоа и свесно знаејќи дека вие не сте ни координатор, ни заменик коориднатор, ви дадов збор да се произнесете, затоа што само по Деловникот има право за процедурална забелешка да даде координаторот односно заменикот координатор на вашата пратеничка група.

Со оглед на тоа продолжуваме понатаму, процедурална интервенција има господинот Рушити Сулејман, повелете.

**Сулејман Рушити:** Ви благодарам.

Барам збор затоа што според Деловникот во потребното време јас се јавив да поставам три прашања, прашања кои сигурно не се прашања кои јас сум ги измислил, туку се прашања кои што како на пратеник, како на пратеници ни се доставени од граѓаните кои што тука ние ги преставуваме и бесправно ние и јас и пратеникот Абедин Зимбери не сме на листата на пратеници кои што ќе поставуваат денес прашања и моето прашање, всушност мојот предлог е дека оваа грешка треба да се исправи затоа што ние тука не се преставуваме само себе си туку ги застапуваме граѓаните и граѓаните со право денес ќе очекуваат да ги поставиме прашањата кои што нив ги вознемируваат.

Значи ќе ве молам госпоѓо потпретседател, мислам дека треба оваа грешка да ја исправите затоа што ние ќе бидеме принудени на поинакви начини да ги поставиме нашите прашања, не тука каде што е потребно во

Собранието туку ќе дебатираме преку медиумите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Согласно Деловникот поточно членот 40 пратениците за поставување на пратенички прашања писмено го известуваат претседателот на Собранието 24 часа пред одржувањето на седницата. Јас го имам добиено од претседателот, она што со координаторите на почетокот пред да почнеме со поставување прашања е договорено, списокот и со координаторите е договорено, веќе ја имаме утврдено листата на поставување пратенички прашања. Тука завршува мојот одговор.

Инаку во моментов правиме пауза од 10 минути.

Ги повикуваме координаторите на пратеничките групи во Охридска сала.

(Пауза од 12,25 часот)

(По паузата седницата продолжи во 14,02 часот)

**Трајко Вељаноски:** Сакам да ги информирам пратениците и јавноста за она што е договорено на координација. Јас бев информиран за случувањата за време на моето отсуство што било барањето од страна на опозицијата.

Се договоривме за две прашања кои што се однесуваат на следново.

Прво, дека сите наредни пратенички прашања кога се поставуваат на седници, треба да биде присутен премиерот, а доколку има одредени обврски може да се помери таа седница за пратенички прашања за ден плус минус, каков што е сега конкретниот случај кога премиерот има неодложни обврски, патување во странство, средба со премиер на друга држава. Тоа е прво прашања кое што е договорено и усогласено меѓу сите координатори.

Второ, договорено е да се удоволи барањето на опозицијата за конкретната денешна седница и со оглед на тоа што од нивна страна нема присуство и најавија дека нема да има присуство до крај, договорен е следниот термин. Следниот термин е на 12 јануари 2009 година  во 11 часот кога ќе се одржат пратеничките прашања и оваа седница се одлага за 12 јануари 2009 во 11 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,05 часот)